**Мисија**

Со иновативност, квалитет во наставата и научно-истражувачката работа, како и воведување на современи пристапи во третманот на оралните заболувања, да едуцира висококвалитетни, способни и креативни доктори по дентална медицина, стручни забни техничари и стручни стоматолошки сестри - орални хигиенолози, но и научници, едукатори и лидери во професијата, преку најсовремените методи на предавање, учење и истражување, со цел истите, по дипломирањето да се подготвени практично да ги применуваат своите знаења и вештини и да можат да одговорат на зголемените барања на националните и интернационалните пазари за трудот.

Подготовка на студентите за постојано професионално усовршување, преку вториот и третиот циклус на студии, здравствените специјализации, како и сите облици на континуирано образование.

Создавање на мотивирачка и инспиративна средина за студентите, со промоција на научните и хуманите аспекти на стоматолошката практика, учество во истражувања во национални и меѓународни научно-истражувачки проекти, кои ќе ја унапредат науката, ќе бидат применети во наставниот процес и ќе го зголемат и осовременат нивото на здравствена грижа на населението.

Воспоставување на партнерства и мрежи на локално, национално и меѓународно ниво за да се преточат научните знаења во секојдневната практика.

Унапредување и создавање на висококвалитетен наставен кадар, кој ги следи насоките на европскиот образовен простор.

**Визија**

Врз основа на сериозен наставно-научен пристап во реализацијата на наставата и науката, Стоматолошкиот факултет во Скопје при Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје да стане водечка високообразовна установа за профилирање на кадри од областа на стоматологијата, препознатлив и атрактивен за студнтите во земјата и пошироко, каде студентите, наставниците и соработниците ги остваруваат професионалните задачи, унапредувајќи го знаењето и почитувајќи ги академските стандардни вредности - интегритетот, тимската соработка, слободата на мислење и говор, одговорноста, солидарноста, толерантноста, објективноста и стремежот кон врвни резултати, но и способноста за самостојно решавање на задачите.

Вложување напор за ангажирање на пошироката општествена заедница за вработување на најдобрите студенти на Стоматолошкиот факултет со цел да се обезбеди подмладок кој ќе ја продолжи долгогодишната традиција на стоматолошка едукација.

Оптимален, континуиран развој на ресурсите на факултетот и вклучување на современите дострели на новите образовни технологии и интернационални стандарди на образование на кадри кои ќе се вклопат на глобално ниво и ќе овозможат мобилност на студентите и наставно научниот и соработнички кадар на факултетот.

Насочување на научните истражувања од областа на стоматологијата, водејќи сметка за нераскинливата потреба од интердисциплинарен приод со базичните медицински и социјални аспекти, образованието и имплементирањето на резултатите во унапредување на грижата за здравјето на популацијата.